ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Јавна општинска установа за деца - детска градинка
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Бр. 04-148/13
20.11 20 23 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/ 16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Директорот на ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас во ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип

1. За извршител на работно место со шифра ДЕЗ 01 02 Г04 008-Помлад референт-Благајник се избира кандидатот со идентификациски код 7F82604-**Бојана Цветановска**
2. Именуваната ќе биде вработена на работно место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е:

На ден 13.10.2023 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас бр.393/2023 за вработување на административен службеник во Јавната општинска установа за деца-Детска градинка Гоце Делчев-Пробиштип на работно место со шифра ДЕЗ 01 02 Г04 008-Помлад референт- Благајник.

Со Решение бр.10-1695/7 од 17.10.2023 година(04-148/8 од 17.10.2023 година) формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас која ја спроведе постапката за вработување.

Комисијата за селекција на ден 30.10.2023 година спроведе административна селекција за административен службеник(Записник од извршена административна селекција за административен службеник бр.10-1695/8 од 30.10.2023 година), а на 09.11.2023 година спроведе испит за административен службеник(Записник од спроведен испит за административен службеник бр.10-1695/9 од 09.11.2023 година), и на ден 15.11.2023 година спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник(Записник од спроведена проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник бр.10-1695/10 од 15.11.2023 година),

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, од страна на Агенцијата за администрација до Директорот на Јавната општинска установа за деца детска градинка Гоце Делчев-Пробиштип на ден 15.11.2023 година, доставена е конечна ранг листа и предлог на кандидат за вработување бр.10-1695/11 од 15.11.2023 година, заради избор на кандидат односно донесување на Одлука за избор.

Директорот го прифати предлогот од страна на Агенцијата за администрација и врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација..

ЈОУДГ „Гоце Делчев"Пробиштип
Директор,
Љупка Јаневска

Доставено до:
-Агенција за администрација
-Кандидатот
-Архива